Арх. Бр.0207/120
17.03.2023 година

# ЈАВЕН ОГЛАС за член на Собрание

Врз основа на член 73 став 2 од Законот за вршење на сметководствени работи, Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија(Службен весник број 173 од 01.08.2022 година), на ден 17.03.2023 година објавува Јавен оглас бр. 0207/120 за избор на член на Собрание на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија.

За член на Собрание на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија може да биде избрано лице кое ги исполнува следните услови:

- Кандидатот да е активен член во Институтот;
- Кандидатот да е запишан во Регистар на сметководители или Регистар на овластени сметководители;
- да не е правосилно осудуван за кривично дело против јавните финансии, платниот промет, стопанството и службената должност;
- да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност.

Сите заинтересирани кандидати кои ги исполнуваат условите наведени во подолу, во рок од 8 дена, сметано од денот на објавувањето на овој Јавен оглас, до архивата на Институтот на ул. Кеј 13ти Ноември кула 2/8 Скопје, (помеѓу 8 и 16 часот) да ги достават следните документи:

- кратко CV за кандидатот;
- Уверение за овластен овластен сметководител/сметководител за кандидатот издадено од Институтот;
- Документ за потврда за редовен работен однос;
- Доказ дека кандидатот не е правосилно осудуван за кривично дело против јавните финансии, платниот промет, стопанството и службената должност,
- Потврда издадена од Централен регистар на Р.С.М. за евидентирани податоци за изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, должност или дејност.

Исполнетоста на критериумите за учество во изборот на член во Собранието на Институтот ќе биде утврдена од страна на Комисијата од член 72 од Законот. По спроведената постапка за исполнетост на критериумите, кандидатите ќе бидат навремено писмено известени дали ги исполнува критериумите за учество во изборот за член на Собранието на Институтот.

Во самата апликација, кандидатот задолжително да наведе дека аплицира за член на Собрание на Институтот.

Институтот на сметководители
и овластени сметководители
ВД-Претседател:

Весна Прентоска